# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 20/ 2019 Пробиштип 11.02.2019 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.20/2019 одржана на ден 08.02.2019 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на Извештај од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на Општина пробиштип со состојба на ден 31.12.2018 година бр. 26-141/ 3,
2. Мислење на Програма за ученички екскурзии на ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2018/2019 година бр. 26-141/ 4-1,
3. Мислење на Програма за ученички екскурзии на ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2018/2019 година бр. 26-141/ 4-2,
4. Мислење на Програма за ученички екскурзии на ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2018/2019 година бр. 26-141/ 4-3,
5. Мислење на Програма за ученички екскурзии на ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2018/2019 година бр. 26-141/ 4-4,
6. Одлука за проширување на Буџетот на Општина пробиштип за 2019 година во делот на пренесени средства од наменски дотации за 2018 година бр. 26-141/ 5,
7. Програма за контрола на популација на бездомни животни на подрачјето на Општина Пробиштип бр. 26-141/ 6,
8. Правилник за остварување на право на партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип бр. 26-141/ 7,
9. Одлука за краткорочно домашно задолжување на општина Пробиштип во рамки на проектот кредити за финансирање на општините во Република Македонија за реализација на проекти од ИПА компонента бр. 26-141/ 8
10. Одлука за проширување на средства на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019 година во делот на кредити бр. 26-141/3 бр. 26-141/ 9
11. Заклучок бр. 26-141/ 9-1
12. Заклучок по барање од Светлана Николова од Пробиштип бр.26-141/ 10-1,
13. Заклучок по барање од Дејан Најдоски од Прилеп бр.26-141/ 10-2,
14. Заклучок по барање од Иле Сандев од с.Неоказибр.26-141/ 10-3,
15. Заклучок по барање од Стојче Василев од Пробиштип бр.26-141/ 10-4,
16. Заклучок по барање од Виолетка Јакимова од Пробиштип бр.26-141/ 10-5,
17. Заклучок по барање од Стојче Тодосов од Пробиштип бр.26-141/ 10-6,

19. Заклучок по барање од Жаклина Гичева од Пробиштип бр.26-141/ 10-7,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-141/ 12
11.02.2019 година
Пробиштип

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/ 2014, 29/ 2015 и ), а во врска со член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.61/2002, бр.98/2002 , бр.81/2005, бр.24/2011, 145/2015 и 170/2017) и согласно со одредбите од член 29 и 35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13) како и врз основа на Правилникот за попис на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 08.02.2019 година ја усвои следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2018 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2018 година .

Член 3

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-141/ 3
08.02.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.02.2019 година, расправајќи по Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности за учебната 2018/2019 со учениците од ООУ „Никола Карев“ Пробиштип го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности за учебната 2018/2019 со учениците од ООУ „Никола Карев“ Пробиштип**

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за еднодневен пролетен излет на учениците од прво до деветo одделение за учебната 2018/2019 година на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип бр. 05-65/1 од 01.02.2019 година.

2. Составен дел на ова мислење е Програмата за еднодневен пролетен излет на учениците од прво до деветo одделение за учебната 2018/2019 година на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип бр. 05-65/1 од 01.02.2019 година.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-141/ 4-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.02.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.02.2019 година, расправајќи по Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности од ООУ „Никола Карев“ Пробиштип го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности за учебната 2018/2019 со учениците од ООУ „Никола Карев“ Пробиштип**

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение за учебната 2018/2019 година на ООУ„Никола Карев“ бр. 05-66/1 од 01.02.2019 година.

2. Составен дел на ова мислење е Програмата за еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение за учебната 2018/2019 година на ООУ„Никола Карев“ бр. 05-66/1 од 01.02.2019 година.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-141/ 4-2 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.02.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.02.2019 година, расправајќи по Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности од ООУ „Никола Карев“ Пробиштип го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности за учебната 2018/2019 со учениците од ООУ „Никола Карев“ Пробиштип**

1. Се дава позитивно мислење Програмата за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение за учебната 2018/2019 година за ООУ „Никола Карев“ бр. 05-67/1 од 04.12.2018 година.

2. Составен дел на ова мислење е Програмата за дводневна екскурзија на учениците од шесто одделение за учебната 2018/2019 година за ООУ „Никола Карев“ бр. 05-67/1 од 01.02.2019 година.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-141/ 4-3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.02.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.02.2019 година, расправајќи по Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности од ООУ „Никола Карев“ Пробиштип го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности за учебната 2018/2019 со учениците во ООУ „Никола Карев“ Пробиштип**

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за тродневна екскурзија на учениците од деветто одделение за учебната 2018/2019 година ООУ „Никола Карев“ бр. 05-68/1 од 04.12.2018 година.

2. Составен дел на ова мислење е Програмата за тродневна екскурзија на учениците од деветто одделение за учебната 2018/2019 година ООУ „Никола Карев“ бр. 05-68/1 од 01.02.2019 година.

3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-141/ 4-4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.02.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002) член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија„ бр.149/2014,149/2015и 532016), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.02.2019 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за контрола на популацијата на бездомните животни на подрачјето на општина Пробиштип за 2019 година**

**1.Вовед**

Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомните кучиња како и нерегистрираните и регистрираните кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот е во согласност со членовите 26,27,28 и член 29 од Законот за заштита и благосостојба на животните „Службен весник на Р.Македонија„ бр.149/14,149/15 и 53/16 и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните животни односно нерегистрираните и регистрираните кучиња затекнати на јавните површини без присуство на сопственикот,условите, организацијата и обемот на извршувањето и начинот на финансирањето.

За решавање на проблемот со зголеменото присуство на бездомните животни, односно контрола на нивниот број како единствено ефикасен и одржлив е пропишан согласно Законот за заштита и благосостојба на животните, хуманиот начин на третирање на овие животни односно нивна масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени.

По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата животните се враќаат на територијата од која што биле заловени обележани со ушна маркичка и вграден чип.

Поради порастот на оваа популација за најбрз загарантиран ефект препорачливо е кучињата да се стерилизираат за да непостои можност за зголемување на нивната популација.

**2.Основна цел на програмата**

Основна или главна цел на програмата е контрола на популацијата на бездомните кучиња во општина Пробиштип,ефикасно,одговорно,хумано и трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и да се спречи присуствотото на нови кучиња на јавните површини.

**3.Активности**

Активностите за хумано третирање на бездомните животни на подрачјето на Општината подразбира:

- заловување на животните,
- нивен транспорт до прифатилиштето,
- прием и преглед од овластен ветеринар,
- лабораториско испитување на животните на одредени болести,
- идентификација и водење на евиденција,
- стерилизација,
- постоперативно сместување,лекување и нега,
- вакцинација и дехелментација,
- веб сервис за објавување на заловените животни и потикнување на вдомувањето,
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени
- еутанизација на многу болни и агресивни животни

**Заловување и транспорт**

Заловувањето на бездомните кучиња се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање. Квалитетот на заловувањето,однесувањето на лицата ангажирани за заловување на животните кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика на целата активност во спротивно може да се трауматизираат животните и да предизвика многу несакани реакции кај лицата присутни при наведенатата активност. Работниците ангажирани за заловување на животните треба да располагаат со соодветна опрема: соодветно возило, јамки и мрежи за заловување,пушка за привремено успивање со средства за времена парализа – успивање, кафези за транспорт , околувратници и водилки и соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

**Прифатилиште и медицински третман**

Секое заловено животно се сместува во прифатилиште заради медицинско третирање: преглед од овластен ветеринар,лабораториско испитување, по потреба прочистување од внатрешни и надворешни паразити,хируршки зафат-стерилизација/кастрација, вакцинација и дехелминтизација за на крај животното се обележи со ушна маркица и микро чип. Прифатилиштето треба да ги исполнува условите пропишани во Правилникот за техничките услови во прифатилиштето и треба да биде одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство.

**Посвојување и вдомување**

Посвојувањето и вдомувањето е најхуманиот начин за згрижување на напуштените кучиња и мачки. Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирании, стерилизирани и да имаат микрочип.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни, прифатилиштата треба да соработуваат со здруженија за заштита на животните и со заинтересираните граѓани.За таа цел потребно е фотографирање на сите животни и објавување на наменски веб портали со цел да биде олеснет и потикнат процесот на вдомување на миленик.

**Еутанизација**

Еутанизацијата може да се спроведе само и исклучиво како крајна мерка кај болно животно или тешко повредено - во терминален стадиум на болест или повреда кога состојбата е неизлечива и е невозможно да се елиминира болката кај животното.

**4.Извршител**

Извршител на програмата е регистрирано правно лице – Овластена ветеринарна амбуланта,болница или клиника, која поседува одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство за прифатилиште.

Извршителот на програмата ќе биде избран во постапка на избор на најдобар понудувач по спроведена електронска аукција во постапка за јавна набавка.

Извршителот е должен да постапува согласно прописите од Законот за заштита и благосостојба на животните како и правилата и стандардите за овој вид на работи. По утврденото присуство на животните во определени делови од улиците во градот ќе се повика извршителот да интервенира.

**5.Финансирање на наведените активности**

Трошоците за заловување и третман на бездомните кучиња се на товар на Општината а на заловените регистрирани и нерегистрирани кучиња на товар на сопствениците „член 28 став 5 од Законот за заштита и благосостојба на животните.

Финансирање на програмата се врши од средствата предвидени во буџетот на Општината за тековната година во програмата Т1- унапредување на здравствената заштита, конто 425510 – ветеринарни услуги во износ од 100.000,00 денари.

Наплатата за извршената активност ке се врши по заловено и третирано животно по цена постигната на електронската аукција, утврдена во договор за вршење на наведената активност склучен помеѓу Општина Пробиштип и давателот на услугата.

При секоја дневна активност на заловување на животните записнички се утврдува бројот на заловените животни.

**6.Надзор**

Надзор на извршувањето на Програмата врши Агенцијата за храна и ветеринарство. Инспекциски надзор врши комунален инспектор на Општина Пробиштип и комунален редар во согласност со одредбите од Законот за комунални дејности.

**7.Едукација и информирање**

Истовремено со заловувањето на животните присутни на јавните површини потребна е едукација на граѓаните. Главна цел на истата треба да се однесува на концептот на одговорно сопственииштво што подразбира одговорност кон животните односно нивно чување и ненапуштање на истите од сопствениците.

Заради тоа оваа материја треба законски да се доуреди односно да се обврзат сопствениците да ги евидентираат постоечките и новородените животни како и да се забрани нивното напуштање и присуство на јавните површини.

**8. Преодни и завршни одредби**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-141/ 6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.02.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 48 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.02.2019 година го донесе следниот :

**П Р А В И Л Н И К**
**За остварување на право на партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип**

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на остварување на право на партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип.

Член 2

Детската градинка организира згрижување и воспитание на деца со пречки во менталниот развој или телесна попреченост, сообразно на видот и степенот на попреченоста.

Правото на партиципација за деца со посебни потреби се остварува за дете со пречки во развојот и со специфични потреби, во смисла на член 33 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016 и 163/2017)за дете:

- Тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој
- Умерена, тешка или длабока ментална попреченост
- Најтешки облици на хронични заболувања
- Најтежок степен на оштетување на видот, слухот или говорот(слепо лице и практично слепо лице, практично глуво и тотално глуво лице, лице со потполно отсуство на говорот, лице со тешко оштетен говор поради детска парализа, лице со аутизам и лице со оштетен или изгубен порано стекнат говор
- Даунов синдром
- Повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот

Член 3

Подносителот на барање -родител/старател за остварување на правото на партиципација за деца со посебни потреби во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип приложува:

-Лична карта на подносителот на барањето на увид

-Фотокопија од извод на матична книга на родени на детето
-Потврда од матичен лекар за здравствена состојба на детето,
-Наод и мислење од соодветна стручна институција за дете со пречки во менталниот развој или телсна попреченост).

Член 4

Висината на партиципација се утврдува само за вкупниот број на денови на детето поминати во установата согласно евиденцијата од книгата за присуство на деца и изнесува 100% од цената на услугата по дете што ја плаќа родителот/старателот.

Член 5

ЈОУДГ„Гоце Делчев" Пробиштип формира комисија за прием на деца и најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето со потребната документација донесува решение за остварување на правото на партиципација за деца со посебни потреби.

Член 6

Правото на партиципација за дете со посебни потреби згрижено во јавна установа за деца од член 2 од овој Правилник не може да се остварува подолго од шест месеци, за што родителот најдоцна 15 дена пред истекот на периодот од 6 месеци треба да достави ново барање за продолжување на правото со потребната документација од член 3 од овој Правилник.

Член 7

Ако настане промена во условите кои биле основ за остварување на правото на партиципација за деца со посебни потреби, родителот треба најдоцна 15 дена од настанување на промената да ја извести ЈОУДГ„Гоце Делчев" , а правото ќе престане од денот на настанатата промена.

Член 8

ЈОУДГ„Гоце Делчев" Пробиштип најдоцна до 10-ти во месецот до Општина Пробиштип доставува Извештај за оствување на правото на партиципација на деца со посебни потреби за претходниот месец и барање за потребните средства за партиципација за наредниот месец со податоци за вкупен број на деца корисници на правото.

Член 9

Општина Пробиштип врз основа на доставениот Извештај за остварено право на партиципација за деца со посебни потреби изготвува Решение за исплата на парични средства на ЈОУДГ„Гоце Делчев" Пробиштип за остварено право за партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во детската градинка.

Член 10

Овој правилник влегува во сила од денот на усвојувањето од страна на Советот на општина Пробиштип и по објавување во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-141/ 7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.02.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.61/04,96/04, 67/07, 156/09 , 47/11 и 192/2015) член 4 од Закон за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 88/2008, 35/2011 и 139/2014) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 08.02.2019 година, донесе:

# О Д Л У К А
**За краткорочно домашно задолжување на општината Пробиштип во рамки на проектот Кредити за финансирање на општините во Република Македонија за реализација на проекти од ИПА компонента**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува краткорочно задолжување на Општина Пробиштип кое ќе се оствари со домашно задолжување на општината кај Македонската банка за поддршка на развојот.

**Член 2**

Целта на задолжувањето е реализација на проектот „ "Utilising Pay As Throw Systems and Autonomous Composting Units for Biowastes Managament in Touristic Areas-BIOWASTE" кој го реализира Општина Пробиштип во рамките на Програмата на ЕУ Interreg V-B Balkan Mediterranean 2014-2020" со референтен број 2156 и број на договор B MP1/22/21562017 во партнерство со Општина Катерини и Општина Јермасоја од Грција, Универзитет Гоце Делчев од Штип и Технолошки едукатиевен центар од Крит.

**Член 3**

Задолжувањето ќе се врши под следните услови:
- Износ за задолжување: 14.760.000,00 денари,
- Рок на отплата: 12 месеци
- Грејс период: 6 месеци

**Член 4**

Општина Пробиштип ќе се задолжи кај Македонската банка за поддршка на развојот со предходна согласност од Министерството за финансии и Владата на Република Македонија.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-141/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.02.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.02.2019 година го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Се става вон сила Одлуката за краткорочно домашно задолжување на општината Пробиштип во рамки на проектот Кредити за финансирање на општините во Република Македонија за реализација на проекти од ИПА компонента за проектот Био отпад бр.26-23/4 од 12.01.2018 година објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.5/2018 и истата не произведува никакво правно дејство.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-141/9-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.02.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.Весник на РМ бр.64/2005,2008) Советот на Општина Пробиштип на 3 -та седница одржана на 08.02.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата на Буџетот на Општина **ПробиШтип**

## За **2019** година

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаПробиШтип за 2019 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | | |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 17.250.888 | 0 | 0 |
| | | **0** | **17.250.888** | **0** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | | |
| **K10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 3.062 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| **K20** | **МУЗИЧКА И СЦЕНСКО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 23.295 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| **K30** | **МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 4.492 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 423210 | Материјали за АОП | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 423620 | Училишни материјали | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 13.958.434 | 0 | 0 |
| 424430 | Поправки и одржување на машини | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425310 | Правни услуги | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425720 | Услуги за развој на наставниот план и програма | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425750 | Услуги за вонучилишни образовни активности | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 122.000 | 0 | 0 |
| 425790 | Други образовни услуги | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425980 | Надзор над одржување на изградбата | 0 | 36.000 | 0 | 0 |
| 426310 | Семинари и конференции | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 483120 | Купување на училишен мебел | 0 | 350.000 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 423310 | Униформи | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 581.025 | 0 | 0 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 424430 | Поправки и одржување на машини | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 0 | 10.000 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 142.580 | 0 | 0 |
| | | **0** | **17.250.888** | **0** | **0** |

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на општината за 2019 година ,а ќе се објави во "Службен гласник" на општина Пробиштип

Бр. 26-141/5

Претседател на Советот на Општината

**Љупчо Благоевски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.Весник на РМ бр.64/2005,2008) Советот на Општина Пробиштип на 3 -та седница одржана на 08.02.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **ПробиШтип**

За **2019** година

## Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаПробиШтип за 2019 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | |
| 754111 Други домашни задолжувања | 0 | 0 | 0 | 14.760.000 |
| | **0** | **0** | **0** | **14.760.000** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | |
| **R10 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | | | | |
| 464990 Други трансфери | 0 | 0 | 0 | 14.760.000 |
| | **0** | **0** | **0** | **14.760.000** |

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на општината за 2019 година ,а ќе се објави во "Службен гласник" на општина Пробиштип

Бр. 26-141/8

Претседател на Советот на Општината

**Љупчо Благоевски**